**З а п и с н и к**
**од 37-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 24.06.2024 година**

**Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.**

**На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Ibупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.**

**На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.**

**Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Попvвска и Катерина Огненовска. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар Гоце Мицковски.**

**Записникот го водеше Виолета Пајковска.**

**-Усвојување на записник од 36 та седница на Совет на општина Демир Хисар**

**По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 10 „за" против и воздржани немаше.**

**На седницата се расправаше по следниот**

**Дневен ред**

1. **Советнички прашања до градоначалникот**
2. **Разгледување на барање од здружение на пчелари Медлика Мед Демир Хисар**
3. **Донесување на Dдлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.**
4. **Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект во и вон опфат на урбанистички план за Е1.8-ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- 10(20) кабелски вод поставен на дел од КП бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.98S, дел од КП 6р.986, дел од КП бр.85б, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар.**
5. **Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година.**

б. **Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л=110 м1.**

7. **Усвојување на Извештај За спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година.**
8. **Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.**
9. **Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.**
10. **Донесување на Правилник за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура.**
11. **Предлози и прашања**

**Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предпожениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи точката Советнички прашања да се разгледува како прва точка, бидејќи градоначалникот има обврски треба порано да напушти од седницата исто така и точката Разгледување на барањето од пчеларското здружение „Медлика Мед" Демир Хисар да биди втора точка да не го задржуваме присутниот пртетставник. Исто така и да се дополни Дневниот ред со точка**

10. Донесување на Правилник за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура, на повеќе наврати се расправаше за проблемот со средствата за еднократна парична помош да се најди начин овие средства да се искористат за семејства на кои навистина му се потребни, и како точка 11. Предлози и праша. Во врска со предлозите немаше забелешки. Со 11 „за" беше усвоен Дневниот ред со измените.

*Точка 1.* Советнички прашања

Претседател на совет Љупчо Најдовски

-до каде е со изградбата на .канализационата мрежа во с.белче
-за документацијата за изградба на храмат св. Кирил и Методиј во Демир Хисар
-за канализацијата под улица Битолска во Демир Хисар
-барањето од жителите на зградата кај Здравстевниот дом
-мостот во с. Журче и поставување на легнати полицајци
-барање од месна заедница Брезово за косење на вегетацијата

Градоначалникот Никола Најдовски објасни

-кракот од канализационата мрежа под улица Битолска е завршен треба да се направи примопредавање и да се почне постапка за приклучување на корисниците.

– за канализационата мрежа во с.Белче, ґрадоначалникот Никола Најдовски објасни остана еден крак околу 300м поради постапката за експропријација, но тоа не е проблем ќе се направи проблем е препумпната станицата под далеководот нема согласност од ЕВН. Очекуваме ова да се реши сега со поставувањето на новите министри ќе се разговара ќе се најде решение.

– за документацијата со изградба на храмот св. Кирил и Методиј во Демир Хисар се размислува за две решенија да се направи ДУП за поголем простор во тој дел или само за делот од парцелата каде ќе биди црквата. Ќе се консултираме кое решение е најдобро така ќе постапиме. За ова ќе разговараме со министерот за транспорт и врски.

-Во врска со барањето од жителите на стамбената зграда кај Здравствениот дом за проблемот со отпадните води имаме разговарано правени се повеќе обиди да се реши, нема проблем од страна на сопствениците на нивите, но проблем е падот многу е ниско поставена мрежата за отпадните води. Директорот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски додаде се разгледуваат 2-3 решенија кога ќе имаме конкретна одлука ќе бидете запознаени.

-заради безбедност ќе се бара решение за поставување на легнати полицајци треба сообраќаен проект

-за косење на вегетацијата се прави координација со ЈКП „Комуналец" ќе се излезе во пресрет .

Советникот Валентин Несторовски

-Проблемот со водоводот во Утово и Загориче
-да се исцисти патот до Смилево

Директорvт на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски објасни проблемот е сличен како кај зградата треба да се копа нов бунар треба проект да се бара решение, предходно се правени неуспешни обиди. Во врска со чистење на патот до Смилево ќе се пушти машина ќе се исчисти. Советникот Јордан Кромидаровски додаде треба и работник да има, некои делови не се чистат со машина. Ќе се ангажира и човек каде нема да можи со машина додаде градоначалникот Никола Најдовски

Советничка Марина Димитријовска

Улиците во Сопотница дали ќе се завршат во планираниот рок, или повторно се продолжил рокот.

Градоначалникот Никола Најдовски објасни работата и надзорот над овај градежен зафат не се во наша надлежност ние само следиме. Имаме постојано преписки да се заврши, но не е во наша надлежност, ако е продопжен рокот за шест месеци, можеби нема да се чека до крајниот рок нема уште многу работа. Крајниот рок е до 4 јули додаде советничката Јасмина Јовановска.

Советник Аце Јанкуловски

Просторот кај градскиот стадион да се уреди за спорски центар

Градоначалникот Никола Најдовски објасни кај градскиот стадион се планира во празниот простор да се направи тениско игралиште и игралиште за кошарка. Спремни сме од наша страна сакаме да аплицираме да се изградат убави игралишта.

Советничка Сандра Пејковска

-да се уреди паркот во населбата во Демир Хисар

-до каде е состојбата со отворање на фабриката во Демир Хисар

-за поканата во врска со канонизацијата во манастирот во Слепче

Градоначалникот Никола Најдовски објасни за отворањето на фабриката од наша страна издадено е одобрение за градба и се што е побарано од нивна страна имаме издадено.

Во врска со игралиштето во населбата градоначалникот Никола Најдовски објасни треба да се уреди целосно, можи да се постават нови играчки, ќе се види што можи да се направи, има повеќе зафати оваа година се уредува паркот, тротоарот по улица битолска. Завршени се улиците во Прибилци и Вардино, остана улицата во Сопотница не по наша вина.

Имаше покана од отец Серафим до советот, градоначалникот и директорите, не е голема организација, ќе има служба добро е да присуствува кој сака.

Советничката Сандра Пејковска го запозна градоначалникот Никола Најдовски дека комисијата за опшествени дејности расправаше во врска со средствата кои се наменетио за еднократна парична помош и начинот на кој истите се распределуваат. Комисијата сметеше дека треба да се направи интервенција во правилникот со што овие средства ќе бидат искористени за лица на кои навистина им се потребни и кои се нашле во состојба на социлаен ризик, а не како досега што се распределуваа по барања. Градоначалникот се согласи општината има можност да помага на семејства кои имаат потреба, а советникот Валентин Несторовски додаде само кај лица кои се со тешки заболувања.

Расправата по оваа точка беше завршена.

*ТОЧКА 2.* Разгледување на барање од здружение на пчелари Медлика Мед Демир Хисар

*Во врска со барањето* од здружението на пчелари Медлика мед Демир Хисар претставникот Александар Цветковски објасни вакво барање имавме доставено и предходно, но тогаш Советот не донесе одлука. Во општината има 120 пчелари. Оваа гранка во општината е доста развиена, бараме од советот да ни даде подршка да можи пчелни семејства да се чуваат на растојание од 100 м од населено место поради се почестите проблеми од напад на мечка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна пчелите напаѓаат кога не се третираат редовно, подршка ќе имате но за несовесните пчелари да има и санкции. Советникот Валентин Несторовски праша дали ќе има реакции од граѓаните, не сме против пчеларите. Претставникот Александар Цветковски објасни има пчелни семејста и во самите дворови и тоа не е во ред и да реагираат граѓаните се во право, и за нив ќе настојуваме да ги одалечат пчлените семејства на растојание од 100 м. Советникат Сашо Михајаловски во својата дискусија истакна сега е дозволено растојание од 500м, да се разгледа добро ситуацијата ако донесиме одлука на 100м тоа голема разлика да се размисли на 200 или 300метри, ќе има реакции. Советот нема надлежност да менува закони објасни советничката Сандра Пејковска, на што претставникот Катерина Огненовска објасни ова е регулирано во одлуката за комунален ред и треба да се направи измени и дополнување на одлуката ако советот одлучи да менува. Дека е голема разликата со промена од 500 на 100 метри се согласи и советникот Аце Јанкуловски, за што советникот Валентин Несторосвки додаде можи да има реакции кај поголемите населени места. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи 100 местри кај помалите населени места, а 200 местри кај поголемите населени места. По предлогот немаше забелешки Едногласно со 11 „за" беше прифатен п редлогот.

*ТОЧКА 3.* Одлука за пренамена на средства во буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година

Одлуката за пренамена на средства во буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара дополнително објаснување за кој се однесува овие планирања. Претставникот

Марина Поповска објасни од општинскиот буџет се исплаќа опремнина за пензионирање не само за вработени во општината него и за вработени кои остваруваат право на пензионирање, а се вработени во училиштата, детската градинка затоа кога се планира буџетот немаме точен податок колку лица се за пензионирање. Исто и со зголемување на просечната плата потребни се повеќе средства. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

ТОЧКА 4. Одлука за изработка на Урбанистички проект во и вон опфат на урбанистички план за F1.8-ИНФРА СТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛFКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА-10(20) кабелски вод поставен на дел од КЛ бр.4154, дел од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КЛ бр.986, дел од КП 6р.85б, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче, Општина Демир Хисар

Одлуката за изработка на Урбанистички проект во и вон опфат на урбанистички план за Е1.8-ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- 10(20) кабелски вод поставен на дел од КП бр.4154, дле од КП бр.15, дел од КП бр.985, дел од КП бр.988, дел од КП бр.98б, дел од КП бр.85б, дел од КП бр.992/1 и дел од КП бр.990, КО Слепче ,Општина Демир Хисар беше донесена од комисијата за урбанизам комунапни работи и ЗЖИ објасни Аце Јанкуловски член на комисијата. За одлуката објаснување имаше лретставникот Каретина Огненовска. Советничката Сандра Пејковска праша дали се најде решение за проблемот за кој се дискутираше на една од предходните седници, а советникот Аце Јанкуловски праша дали ќе се поставува кабелот под земи. Претставникот Катерина Огненовска објасни се договорија околу проблемот за игралиштето, а кабелот ќе се поставува под земи покрај асвалтот. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

ТОЧКА 5. Одлука за дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година

Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖИ објасни Аце Јанкуловски член на комисијата. За одлуката објаснување имаше претставникот Каретина Огненовска. Дискусија немаше. Со 11 „за"' беше донесена одлуката.

*ТОЧКА 6. Одлука за доделување на договор .за изведување на градежно-Занаетчиски работи за рекvнСтрукција на крак од канализациона мрежа 60 NJургашеeа Л=110 м1*

За Одлуката за доделување на догоsор за изsедување на градежно-занаетчиски работи за реконструкција на крак од канализациона мрежа во Мургашево Л=110 м1 објаснување имаше претставникот Александра Трајковска се однесува во Мургашево останато е уште една куќа да се поврзи. Дискусија немаше. Сv 11 „за" беше донесена одлукат.

*ТОЧКА 7.* Извештај за спроsедување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година

Извештајот за спрvведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година се разгледуваше на предходната седница, но тогаше не се усвои. Советниците немаа дискусија. Со 11 „за" беше усвоен.

ТОЧКА 8. Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар

Претседателот на советот Љупчо Најдовски за членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар ги предложи Ѓоревски Борче од с.Вардино, Александар Здравевски од Демир Хисар, а советникот Филип Ангелевски го предложи Илче Ангелевски од с.Суводол. При тоа образложи се разрешуваат членовите Љубиша Стојановски, Александар Пејковски и Иван Балуловски по поднесено барање на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар согласно Законот за јавни претпријатија. Други предлози немаше. Со 7 „за и 4 ,,воздржани предлогот беше прифатен.

ТОЧКА 9. Решение за разрешување и именување на член во НО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски за член во НО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар го предложи Дејан Босилковски од с.Журче. При тоа објазложи членот Христија Ѓорѓиовски се разрешува

**по поднесено барање на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар согласно Законот за јавни претпријатија. Други предлози немаше. Со 7 ,,за и 4 ,,воздржани предлогот беше прифатен.**

**ТОЧКА 10. Правилник ,за условите, критериумите и начинот на остваруваwe на правото на еднократна парична помош или помош во натура**

**Во врска со Правилникот за условите, критериумите и начинат на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура, а на основа на предходните дискусии советничката Сандра Пејковска предложи да се донесе нов правилник кој ќе ги содржи истите одредби како и предходниот со дополнување во член 2 наместо други да се додаде или мелигни заболувања, и во член 10 да се дополни и потврда за користење на постојана парична помош на барателот или член на неговото семејство. Целта како што и предходно низ дискусиите беше кажано е овие средства да се доделат на семејста на кои најмногу му се потребни. Советничката Марина Димитријовска додаде со овие измени нема да се смени кај семејства кои се грижат лица со тешки и најтешки пречки. Советниците намаа повеќе дискусија. Едногласно се донесе Правилник за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура.**

**ТОЧКА 11. Предлози и прашања**

***Брање* од МЗ Брезово**

**Месната заедница од с.Брезово поднесе барање да му се отстапи објектот селска продавница кој сопственост на општина Демир Хисар. Претставникот на општината Александра Трајковска објасни за тоа треба да се спроведе постапка за јавно наддавање.**

**Барање од МЗ Журче**

**Месната заедница Журче бара финансиска помош за обезбедување на храна и пијалоци за коњаницата по повод празникот Илинден исто така и КУД „Илинден" Демир Хисар да присуствува на оваа традиционална манифестација. За оваа намена советниците се согласија да се одобрат 30.000 денари.**

**Барање од МЗ Доленци**

**Барањето се однесува да се исчисти резервоарот на селскиот водовод, селската чешма и речното користо.**

**Дискусија повеќе немаше.**

**Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.**

**Бр. 17-680/2**
**29.07.2024 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Љупчо Најдовски**